**ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес**

# ПАРИЗ - ПРАГА - МИНХЕН (5НП)

**1 ДЕН 07.03.2020 СКОПЈЕ-ВИЕНА** Состанок на групата во 11.30ч на паркингот спроти спортската сала Борис Трајковски. Поаѓање за Виена во 12.00ч..Се патува преку граничниот премин Табановце, Белград... . Ноќно возење.

**2 ДЕН 08.03.2020 ВИЕНА-ПРАГА** Пристигнување во Виена во утринските часови. Утринска панорамска прошетка: Рингот, Операта, Парламентот, стариот дел на градот со црквата Св.Стефан. Слободно време. Патувањето продолжува кон Прага каде се пристигнува во вечерните часови. Сместување во хотел. **Ноќевање.**

**3 ДЕН 09.03.2020 ПРАГА-ПАРИЗ Појадок**. Претпладне, факултативно панорамско разгледување на Прага со водич: Горниот град- Храдчани, Катедралата Св. Вито, Златната улица, Карловиот мост, плоштадот на Малтешките витези, споменикот на Карло IV, Кралскиот пат, Париската улица, Староместанскиот плоштад, Астрономскиот часоник-Орлој, градска куќа, Тинската црква, споменикот на Јан Хус, куќата на Франц Кафка, Прашката кула, Универзитетот на Карло четврти, Вацлавскиот плоштад, Националниот музеј. Поаѓање кон Париз во вечерните часови. Ноќно возење.

**4 ДЕН 10.03.2020 ПАРИЗ** Во утринските часови пристигнување во Париз - најелегантниот град на светот кој изобилува со уметност и историја. Предлагаме панорамски разглед на Париз со автобус и локален водич: плоштадот Бастиља,Универзитетската четврт,Сорбона, Нотр Дам, Трокадеро, Ајфелова Кула, Марсовите полиња, плоштадот Конкорд, зградата на Парламентот,Домот на Инвалидите, Елисејските полиња,Триумфалната капија. Сместување во хотел. Слободно попладне. **Ноќевање.**

**5 ДЕН 11.03.2020 ПАРИЗ (СРЦЕТО НА ПАРИЗ – АЈФЕЛ- СЕНА)) Појадок.** Препорачуваме прошетка со наш водич и неговите приказни: "Срцето на Париз": прошетка низ Латинскиот кварт, влегуваме во Богородичната црква, се искачуваме на Мон Мартр, ја посетуваме црквата на Светото срце, се одмараме со топло чоколадо* на плоштадот на уметниците. Ќе прошетаме по булеварот на ноќниот живот на Пигал и ќе го видиме најпознатиот ноќен клуб Мулен руж. (Метро). Веднаш потоа, Ја продолжуваме прошетката со наш водич и неговите приказни: "Париз-градот на светлоста": Ајде да се искачиме на Ајфелова кула, да крстариме 1 час со брод по Сена – единствено доживување. **Ноќевање.**

**6 ДЕН 12.03.2020 ПАРИЗ-(ВЕРСАЈ - ЛУВР) Појадок.** Предпладне препорачуваме прекрасен излет со автобус и локален водич : Кралскиот Париз. Разгледот го започнуваме со животот на француските кралеви посетувајки го кралскиот замок Версај, последната резиденција на француските кралеви и еден од најубавите дворци во светот. Факултативна посета на некогашниот кралски дворец, денеска музеј- Лувр. По посета та на Лувр, можност за организирана прошетка низ најпознатата париска авенија Шанзелизе**Ноќевање.**

7 ДЕН 13.03.2020 ПАРИЗ - МИНХЕН ПРЕПОРАЧУВАМЕ ЦЕЛОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ВО ИМАГИНАРНИОТ СВЕТ НА ДИЗНИ – ДИЗНИЛЕНД. ПРЕКРАСНА ЗАБАВА ВО 2 ТЕМАТСКИ ПАРКОВИ ИЛИ МОЖНОСТ ЗА ЦЕЛОДНЕВНА ПОСЕТА НА VAL D'EUROPE SHOPPING CENTER (MARNE-LA-VALLEE). СЕКАКО ДЕКА МОЖЕ ДА СЕ ОСТАНЕ ВО ПАРИЗ И ДА ПОСЕТИТЕ НЕКОИ ОД ПРОЧУЕНИТЕ МУЗЕИ И МЕСТА: ДОМОТ НА ИНВАЛИДИТЕ И ГРОБОТ НА НАПОЛЕОН БОНАПАРТА, КУЌАТА НА БАЛЗАК, МУЗЕЈОТ НА ПИКАСО, ДА СЕ ИСКАЧИТЕ НА ТРИУМФАЛНАТА КАПИЈА, ДА КУПУВАТЕ ВО НАЈПОЗНАТАТА СТОКОВНА КУЌА ГАЛЕРИЈА ЛАФАЕТ. ВО ВЕЧЕРНИТЕ ЧАСОВИ ПОАЃАМЕ КОН МИНХЕН. НОЌНО ВОЗЕЊЕ.

**8 ДЕН 14.03.2020 МИНХЕН** Пристигнуваме во Минхен во утринските часови. Предпладне прошетка низ стариот дел на градот: Плоштадот Карл, Фрауен Кирхе, Новата општинска зграда, Мариен плац, Виктуалиен маркет, Операта. Ви препорачуваме да ја посетиме најголемата Кралска пивница ХБ ( пиво и свински коленици). Сместување во хотел. **Ноќевање.**

**9 ДЕН 15.03.2020 МИНХЕН-САЛЗБУРГ-СКОПЈЕ Појадок**. Патувањето продолжува кон Салзбург каде се пристигнува во пладневните часови. Прошетка низ стариот дел : Катедралата, плоштадот на Моцарт, Стариот плоштад, црквата Св.Петар, куќата на Моцарт, палатата Мирабел. Слободно време за индивидуални прошетки.
Преполни со спомени, се упатуваме кон Скопје. Ноќно возење низ Италија, Словенија, Хрватска, Србија.

**10 ДЕН 16.03.2020 СКОПЈЕ** Пристигнување во Скопје во вечерните часови.

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ ЗА УПЛАТА ДО 31 ЈАНУАРИ: 335 € / 20.770 денари**

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 355 € / 22.010 денари**

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА:**

- Превоз со високотуристички автобус
- 1 ноќевања во хотел 3* НП во Прага (околина)
- 3 ноќевања во хотел 3* НП во Париз (околина)
- 1 ноќевања во хотел 3* НП во Минхен (околина)
- Прошетка низ Виена
- Прошетка низ Минхен
- Прошетка низ Салзбург
- Организација и водство на програмата
- Организација на аранжманот
- Лиценциран туристички придружник

# ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ ВКЛУЧУВА:**

- Задолжително патничко осигурување 350 денари
- Разглед на Прага со локален водич 10 €
- Крстарње по Влтава 15€
- Разглед на Париз со локален водич 15 €
- Версај(превоз,влезница,лок водич) 50 € (задолжителна резервација при уплата)
- Лувр(влезница) 20 €
- Крстарење по Сена 20€
- Срцето на Париз 15€
- Дизниленд -цена за влезница + 20€ превоз
- Билети за градски превоз, Прага, Париз, Минхен
- Доплата за еднокреветна соба 8.200 ден

**НАПОМЕНИ:**

- За реализација на ова патување, потребен е минимум од 45 патници.
- Плаќањето се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1 евро = 62 денари
- За резервација на аранжманот потребна е аконтација од 30%, целосна уплата најдоцна 10 дена пред поаѓање
- Попустите не се комбинираат
- Останатите услови на патување важат според годишниот програм на Делта МТС
- Агенцијата го задржува правото за отказ на аранжманот најмногу 5 дена пред поаѓање.
- Патникот има обврска да се јави 24ч. пред патувањето за да потврди место и час на поаѓање.

ДЕЛТА Мулти Травел Сервисес ДООЕЛ увоз-извоз
ул. Орце Николов 164 Кавадарци тел. +389 43 420100 факс +389 43 414100
www.deltamts.com email: delta@deltamts.com; info@deltamts.com